З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____20___ год.
Потпис.
_____

Ип 1 бр. 57- 100
Датум: 16.12.2020 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзорот	од Скопје
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на трансакциска-сметка на субјектот	
Банка депонент	НЛБ банка АД – Скопје
Одговорно лице на субјектот /	

Име и презиме:	Телефон	Е-пошта

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекцискиот надзор	1. РЕДОВЕН	2. **ВОНРЕДЕН**	3. КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	16.12.2020 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	11:00 ч.
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	.12.2020 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	15:00 ч.
Назив на објектот – инсталацијата каде што се	/		

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

врши надзорот	
Главна дејност на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот	/
Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот	Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54-Скопје (објект на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК)

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Иницијативата бр. 20-7305/1 **од 3.7.2020 г.**, понесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста, Одделение за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност на Министерството за култура, дека кај субјектот на надзорот има потреба од вршење вонреден инспекциски надзор, конкретно поради недоставен извештај за реализација на Проектот, при што со истата Иницијатива се пријавени повеќе физички и правни лица.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Сабина Синан, главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип. 1 бр. 57-100 од 9.12.2020 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" 102/19), а поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е од аспект на примената на **член 68 од Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15. 154/15. 39/16 и 11/18), односно наменското користење на средствата во износ од денари, од кои **денари** авансно на 12.2.2020 г. преку **Агенциіата за деловно посредување и застапување на авторски права од Скопје,** се преведени од Буџетот на РС*М* за учество во финансирање на музичкиот проект - **„Играме среќни под ритамот"** од национален интерес во културата од областа на музичка и музичко-сценската дејност за 2019 г., како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, до МК да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

потрошените средства (Образец за наративен и финансиски извештај за реализација на проектот, достапен на веб-страницата на МК), договори, сметки, фактури, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација.

6) Во извршувањето на овој вонреден инспекциски надзор не е употребена листата за проверка.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беше присутен субјектот на надзорот

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
од Скопје		

8) За време на извршувањето на вонредниот инспекциски надзор, не беа присутни други лица

Реде н бр.	Име и презиме	Својство
/	/	/

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

- Според Решението УП 1 бр. 19-3767/2018 од 8.3.2019 г., донесено од министерот за култура во согласност со член 65 ставовите (1) и (3) од Законот за културата проектот „**Играме среќни под ритамот**", содржан во Пријавата УП 1 бр. 19-3767 од 14.11.2018 г., доставена од физичкото лице од Скопје, по годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2019 година по дејности и области објавени на 29.9.2018 г., е избран за проект од национален интерес во културата за 2019 година и за финансирање на проектот се доделени/одобрени средства во износ од **40.000,00 денари** и тоа за **хонорари.**

Во прилог кон Барањето, односно Пријавата за проект од областа на фолклорната, музичка и музичко-сценската дејност УП 1 бр. 19-3767 од 14.11.2018 г., со којашто од МК се побарани вкупно денари (за локација, хонорари и друго), меѓудругото на увид се доставени: биографијата на корисникот и на другите учесници, Уверение за државјанство од 25.9.2002 г., изјавите од од 14.11.2018 г., за учество на Манифестацијата **„Играме среќни под ритамот на традиционалната песна"**, Известување на Општина Чаир бр. 30-2297/2 од 14.11.2018 г., до Друштвото за мултикултурна дејност на -Скопје, користење на просторот во паркот Чаир на ден 20.4.2019 г., за организирање на Манифестацијата „Играме среќни под ритамот на традиционалната песна" и Опис на проектот.

-Согласно со член 2 став (2) од Договорот, според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, корисникот најпрво на 14.11.2019 г. до МК има доставено БАРАЊЕ заведено под бр. 20-12663/1 од истиот датум, за исплата на одобрените 40.000 денари, во прилог со пополнета Изјава за наменско користење на средства и Образец за оперативен и финансиски план, со којшто се предвидени трошоци за исплата на хонорар – за пеач на забавна музика – денари, за Ансамблот за денари и за пропаганден материјал, озвучување, осветлување и монтажа на сцена денари, како и вкупно 14 црно-бели фотографии за проектот, според наводите од Планот реализиран на 7.9.2019 година.

Додека, на 12.12.2019 г. корисникот до МК има доставено ново БАРАЊЕ заведено под бр. 18-14045/1 од16.12.2020 г., за исплата на одобрените 40.000 денари, во прилог со пополнета Изјава за наменско користење на средства и Образец за оперативен и финансиски план, со којшто се предвидени трошоци за исплата на хонорари за Проектот „Играме среќни под ритамот на традиционална песна".

Во член 3 став (4) од Договорот е предвидено дека **целосното исплаќање на одобрените средства, МК ќе го изврши по реализацијата на проектот и по доставување извештај за потрошените средства за реализација на проектот.**

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот (забелешка: според член 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2019 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2019 г.), до МК да го достави **извештајот за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, од извршениот увид во документацијата добиена од Секторот за дејностите и уметноста на МК до денот на надзорот од страна на физичкото лице до МК не е доставен извештај за реализацијата на проектот „Играме среќни под ритамот, но според изјавата на присутното лице во текот на м. март, оваа година лично на вработен од Службата за обезбедување на МК, му е предаден пополнет Извештај за реализација на Проектот, со образложение дека поради состојбата со КОВИД-19, на странките не им е дозволен влез во писарницата на МК, при што е даден број на мобилниот за контакт.

Од службениот мејл (muzickadejnost@gmail.com), МК има побарано од корисникот, најдоцна до 8.5.2020 година, да достави комплетен финансиски извештај, а во спротивно дека Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и музичко - сценска дејност за 2019 година бр. 20-5312/1 од 22.4.2019 г., ќе биде раскинат.

Во однос на горенаведениот мејл според изјавата на присутното лице истиот не го има примено.

4. Користење на одобрените средства

Од Буџетот на Р. Северна Македонија преку МК, а согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и музичко - сценска дејност за 2019 година со бр. 20-5312/1 од 22.4.2019 г., одобрени се средствата во износ од **40.000,00 денари**, за финансирање на Проектот – **„Играме среќни под ритамот"** и тоа за следната намена-**хонорари.**

Според сметководствената документација и евиденцијата на МК, по писменото Барање од корисникот од 12.12.2019 г., со Решението бр. 20-1689/29 од 5.2.2020 г. од Буџетот на РСМ, преку МК на жиро - сметката на **Агенцијата за деловно посредување и застапување на авторски права** **од Скопје**, за реализација на горенаведениот Проект, авансно се преведени денари, од кои **денари** се преведени на 12.2.2020 г. на трансакциската сметка на корисникот во НЛБ банка АД-Скопје, додека **денари** се по основ персонален данок од доход и провизија.

Според изјавата на присутното лице, проектот – **„Играме среќни под ритамот"** е реализиран во договорениот рок, односно на ден 7.9.2019 година, во просториите на Општина Чаир, наместо во паркот во Чаир поради лошите временски услови, со учество на учениците од повеќе основни училишта од Општина Чаир, а за што со Оперативниот план до МК се доставени вкупно 14 црно-бели фотографии за проектот. Исто така, според изјавата на присутното лице просторот за реализација на Проектот е користен без плаќање на било каков надомест на Општина Чаир.

Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор се контатира дека:

-во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештајот за реализацијата на проектот, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банковни изводи и др., од инспекторот ќе биде донесено решение со опомена за отстранување на утврдената неправилност согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19), односно физичкото лице во рок од 15 дена до МК, Сектор за дејностите од областа на културата и уметноста, Одделение за центри на културата, фолклор и музичко-сценска дејност, да достави извештај за реализација на Проектот – „Играме среќни под ритамот", со цел да се утврди наменското користење на авансно добиените средства во износ од денари од Буџетот на РСМ, преку МК во врска со член 68 од Законот за културата.

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

11) Забелешки на субјектот на надзорот:

- _____
- _____

Потпис на субјектот на надзор:		Печат и потпис на инспекторот за култура:	Сабина Синан, главен инспектор за култура
Датум: 16.12.2020	16.12.2020 г.	Датум:	16.12.2020 г.

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk